Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Служба за општи и заеднички работи

Влада на Република Македонија
**Служба за општи и заеднички работи**
Кузман Јосифовски Питу бр.17, ТЦ Скопјанка, 1000 Скопје
Република Македонија
Тел.: (02) 2466-077
Факс: (02) 2465-104

Бр. 02-1202/2
од 20-02-2013 год.

22.02.2013
10-314/4

**До**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Произнесување по Нацрт извештајот од извршена ревизија на успешност бр. 10-314/2 од 07.02.2013 година;**

**Дата**: 19.02.2013 година

Почитувани,

Во врска со Вашиот доставен Нацрт извештај за извршената ревизија на успешност Ваш бр. 10-314/2 од 07.02.2013 година на тема - **Ефикасност на извршените услуги на СОЗР на Владата на Република Македонија преку искористување на возниот парк,** Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за ревизорските наоди ги дава своите забелешки во вид на следново произнесување:

**1.- Ревизорски наод бр. 1.2**

„ Во Октомври 2008 година донесено е Упатство за определување на начинот на извршување на услугите за превоз со моторни возила, со кое поблиску е утврден начинот на извршување на услугите за превоз со моторно возила во делот на дефинирање на нивната намена, начинот на кој се поднесува барање за превоз, евидентирање и одобрување, начинот на кој започнува и завршува превозот со моторните возила, неговото потврдување и начинот на фактурирање, грижата за моторните возила и надоместокот на штета во случај на оштетување.

**Упатството не е усогласено со измените на Уредбата за начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР, донесени по неговото усвојување.** “

**Забелешка:**

Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши Службата за општи и заеднички

работи на Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ"бр. 8/98, 22/00, 75/02, 9/03, 24/04, 12/07) содржи одредба во член 37 која гласеше:
„Со посебно Упатство се определува начинот на извршување на услугите за превоз со моторни возила, согласно одредбите на оваа Уредба".
Во Службен весник на РМ бр. 5/08 со Уредба за изменување и дополнување на Уредбата членот 37 гласи:„Членот 37 се брише".
Со тоа, според Уредбата задолжителна обврска да се регулира оваа материја со посебно Упатство не постои. Во 2008 година донесено е Упатство за определување на начинот на извршување на услугите за превоз со моторни возила со бр. 08-1415/4, за интерна употреба согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа.

**2. Ревизорски наод бр. 1.4**

„во текот на 2011 година, СОЗР склучила Договор за вршење на општи и заеднички работи и услуги со Министерството за одбрана, со кој СОЗР се обврзува на Министерството да му даде услуги за превоз со моторни возила за службени патувања што **не е во согласност со член 21-а од Уредбата** .., каде е предвидено дека СОЗР не извршува услуги за превоз со моторни возила за Министерството за одбрана. Извршувањето на услуги за органи за кои не е предвидена можност во законската регулатива, влијае на намалување на обемот на дадените услуги за други корисници на услуги како и врз ефикасноста на извршените услуги. "

**Забелешка:**

Услугите кои Службата за општи и зеднички работи на Владата на Република Македонија ги извршува за Министерството за одбрана се со многу мали импликации и влијанија на ефикасноста на извршување на услугите за превоз со моторни возила во целина. Доколку се јави потреба поради ургентост, значење или итност на некој настан од државен интерес, во обид да се регулираат меѓусебните односи се склучува договор.
Се случува носители на ваквите настани да се повеќе државни органи или институции меѓу кои и

Министерството за одбрана па затоа не можеле да бидат издвоени од користење на услугите.

**3. Ревизорски наод бр. 2.3**

„ во насока на подобрување на кадровската екипираност за вршење на работи поврзано со услуги за превоз на моторни возила, во период 2010-2012 година доставени се барања за нови вработувања, по кои добиени се одговори од Министерството за финансии .......”

**Забелешка:**

Образложението во ревизорскиот наод 2.3 по својата содржина повеќе припаѓа во делот на мерки кои се преземени за подобрување на работењето и намалување на ризик. Неизборот и невработување на лица во Одделението за превоз со моторни возила е последица на објективни фактори, но раководството продолжува во реализацијата на намерата за доекипирање на одделението со соодветен кадар.

**4. Ревизорски наод бр. 2.6**

„СОЗР нема донесено акт/методологија/критериуми со кои би се утврдила потрошувачката по вид/класа на возила, со цел потврдување на изминатите км и реално пресметување на потрошувачката на гориво..... . “

**Забелешка:**

Донесување на методологија врз основ на критериуми по кои ќе се утврдува потрошувачката на гориво по возило е решение за релативно одредување на податоци кое неможе да даде апсолутно точна претстава и податоци. Методологијата би се состоела од комплексност на критериуми: тип на возило, година на производство, стандард за просечна потрошувачка, начин на експлоатација на возилото, карактеристиките на возилото, кои во комбинација може да дадат само релативни показатели. Поради нивната постојана менливост би се добивале релативни резултати, а тоа повторно би ја довело во прашање точноста на податоците. Со обновата на возниот парк, во новите возила постојат борд компјутери кои ги покажуваат овие сите податоци, па методологијата го губи своето значење.

**5. Ревизорски наод бр. 4.3**

„ ...склучените договори не содржат одредба во која ќе биде утврдено што ќе се случи со возилата по

завршувањето на оперативниот лизинг, односно дали СОЗР ќе продолжи да ги користи, ќе ги замени со други или ќе ги откупи возилата, иако истото е предвидено како можност во член 10 од Законот за лизинг....."

**Забелешка:**

Одредбата во член 10 став 1 од Законот за лизинг вели: „ Во договорот за лизинг може да се предвиди право на откуп на предметот од страна на корисникот на денот илипред истекот на договорениот период за користење на **предметот-финансиски лизинг** и или право корисникот да продолжи да го користи предметот на лизинг по истекот. "

Ова не создава обврска задолжително да постапиме на овој начин и сметаме дека не сме обврзани да го сториме тоа.

Договорите за оперативен лизинг се склучени согласно законската регулатива и ги содржат сите потребни одредби, а треба да се има во предвид дека согласно член 2 точка 3 од Законот за лизинг („Службен весник на РМ"бр. 4/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11)**:„ Оперативен лизинг е секој лизинг кој не е финансиски лизинг„.**

**Дополнување на произнесувањето по Претходниот извештај:**

Одделението за превоз со моторни возила во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија работите што ги извршуваат имаат карактер на **комплексност и диверзифицираност**.

Во најголем број активностите зависат од активностите на **Владата** на Република Македонија и од **корисниците** на услугите.

При тоа голема влијание на ефикасноста на системот има **човечкиот фактор** и тоа како лицата извршители така и лицата корисници на услугите. Тие со своето свесно и одговорно однесување и почитување на правилата за работа и правилата во врска со користењето на услугите за превоз може да дадат најголем придонес за повисок степен на ефикасност на целиот систем.

Поради ваквата поставеност и од самата природа на работата постои ризик од одредени состојби кои би можеле да значат загуба за Службата.

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Служба за општи и заеднички работи

Раководството има вложено многу напор и преку постојано следење на месечните потрошувачки на гориво и разни други контроли, преку упатства, наредби, соопштенија, продажба на стари возила, набавка на нови возила и изнаоѓање на нови мерки, подолг период напорно настојува да воспостави ефикасен систем на функционирање.

Заложбите на раководството се постојани, во насока максимално да се отстранат девијантните активности и манипулациите да се сведат на минимум и да се постигне општо подобрување на состојбата.

Во сегашната состојба каква што е, **системот** на извршување на услугите за превоз со моторни возила **ја исполнува целта на своето постоење** – услугите да се извршуваат квалитетно, безбедно, во обем и согласно барањата на корисниците и може **позитивно да одговори** на прашањето – Дали Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија ги извршува услугите за превоз со моторни возила на ефикасен начин со цел задоволување на барањата и потребите на корисниците, согласно законските надлежности?

Со почит,

**Служба за општи и заеднички работи**
**на Владата на Република Македонија**
**ДИРЕКТОР,**
**д-р Васе Доневски**

Подготвил: Светлана Бурагева
Јулија Глигоровска